ЈАВНА УСТАНОВА ДЕТСКИ ДОМ
„11 ОКТОМВРИ„- СКОПЈЕ

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
# 2023 ГОДИНА

ВД Директор
Соња Стамевска

# ЈАВНА УСТАНОВА ДЕТСКИ ДОМ „11 ОКТОМВРИ„- СКОПЈЕ

СОДРЖИНА:

- Годишен извештај за работа на Воспитната служба
- Годишен  извештај за работа на Центарот за поддршка на згрижувачи семејства
- Годишен извештај за работа на Правникот
- Материјално-финансиски Годишен  извештај

ВД ДИРЕКТОР
[illegible]А СТАМЕВСКА

Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
ЈУ Детски дом „11 Октомври" - IP Shtëpia e fëmijëve „11 Tetori"
Скопје - Shkup

ЈАВНА УСТАНОВА ДЕТСКИ ДОМ
„11 ОКТОМВРИ„- СКОПЈЕ

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ 2023 ГОДИНА

НА

## ВОСПИТНА СЛУЖБА

*РАКОВОДИТЕЛ НА ВОСПИТНА СЛУЖБА*
*ИРЕНА АЛЕКСОВСКА*

Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
ЈУ Детски дом „11 Октомври"
IP Shtëpia e Fëmijëve „11 Tetori"
Бр.-Nr. 01-95/3
14.02.2024 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

**1.Вовед**

Јавната Установа Детски Дом „11 Октомври" –Скопје, е деинституционализирана установа поделена во 4 организациони единици и централно институционално седиште со јавни овластувања,чија надлежност и дејност се утврдени со Законот за социјална заштита и други прописи и акти. Во процесот на деинституционализација работата на Установата се води според стратегијата за Деинституционализација ,Акционен план за деинституционализација ,Закон за социјална заштита, Програма за социјална заштита за 2019 г. како и план и програма од ЗСД за унапредување и подобрување во работата со корисниците во новиот начин на работење и функционирање.

Согласно член 117 од Законот за социјална заштита J.У.Детски Дом 11 Октомври Скопје е Установа за сместување на деца и младинци без родители и родителска грижа над тригодишна возраст и врши деинституционално сместување на деца и младинци над три годишна возраст, а обезбедува згрижување (домување , исхрана ,облекување,нега и грижа )и воспитание на децата до оспособување за самостоен живот и работа најдоцна до шест месеци по завршување на средното образование ,ако не постојат други ресурси и облици на социјална заштита на корисникот.

При изборот на Организационите единици се водеше сметка за можност на целосна искористеност на ресурсите со кои располага локалната заедница ,се со цел инклузија на корисниците и нивна интеграција во средината.

Просторот и опремата во организационите единици е согласно Правилникот начинот,видот и бројот на стручните работници за давање на грижа за сместените лица ,просторните услови и опремата за живеење во мал групен дом.

- Прва организациона единица „Водно " започна да функционира на 24.12.2018 г.и истата се наоѓа на ул. Питу Гули бр.52 во Скопје и располага со вкупна станбена површина од околу 258 метри квадратни .
- Втора организациона единица „Два елена "започна да функционира на26.12.2018 г. и истата се наоѓа на ул. Леринска бр.5 во Скопје ,и располага со вкупна површина од 171 метар квадратен.
- Третата организациона единица „Пржино"започна да функционира на18.01.2019 г.и истата се наоѓа на ул. Караџица бр. 5 во Скопје и располага со вкупна површина од 358 метри квадратни .
- Четвртата организациона единица „Козле" започна да функционира на 11.02.2019 г. и истата се наоѓа на ул. Митрополит Теодисиј Гологанов бр.149 1/12 во Скопје и располага со вкупна површина од 113 метри квадратни.

**ОРГАНИЗАЦИОНА ПОСТАВЕНОСТ на**

**ОРГАНИЗЦИОНИТЕ ЕДИНИЦИ**



*ВЕРТИКАЛНА ХИЕРАРХИЈА*:




ДИРЕКТОР-РАКОВОДИТЕЛ-КООРДИНАТОР-СТРУЧЕН РАБОТНИК НЕГОВАТЕЛ-КУВАР-КОРИСНИЦИ

СТРУКТУРА НА ВРАБОТЕНИ

2 ВОСПИТУВАЧИ

2 ПОМОШНИЦИ ВОСПИТУВАЧИ

1 НЕГОВАТЕЛ

1 КУВАР

(НЕ)ЕДНАКВОСТ ВО РАБОТНИ ЗАДАЧИ

1 ТИП.СТРУЧНИ РАБОТНИЦИ (ВОСПИТУВАЧ, ПОМОШНИК ВОСПИТУВАЧ) И НЕГОВАТЕЛ

2 ТИП. КУВАР + ОСТАНАТИТЕ ВРАБОТЕНИ ГОТВАТ ВЕЧЕРА И РУЧЕК ВО ВИКЕНД ДЕНОВИ

ПОЗИТИВНА СОРАБОТКА И КОМУНИКАЦИЈА

ДВОНАСОЧНА ПОМЕЃУ СИТЕ ВРАБОТЕНИ И ДЕЦА




- **Работно време на воспитувачите и негувателот**

24/7 работно време за време на викенд, работни денови, празници континуирано без прекин ,распределено во три смени

- ✓ Прва смена од 07 – 14 часот
- ✓ Втора смена од 13 – 20 часот
- ✓ Трета смена од 20 '07 часот

- **Работно време на куварот**

Од понеделник до петок

- ✓ 07 – 14 часот и секоја втора сабота

Тимот вработени има постојана подршка од в.д. директорот Соња Стамевска и раководителот на воспитна служба Ирена Алексовска.

<u>СОРАБОТКА СО :</u>

- ЦСР
- ЗСД
- ЗАВОД ЗА МЕНТАЛНО ЗДРАВЈЕ
- ЗАВОД ЗА СЛУХ, ГОВОР И ГЛАС
- МАТИЧЕН ЛЕКАР
- УЧИЛИШНИ СЛУЖБИ
- МЕЃУСЕБНО СО СИТЕ О.Е. (размена на информации)

<u>ПРЕДИЗВИЦИ И ЦЕЛИ</u>

- Развој на силни врски меѓу корисниците, средината, училиштето, семејството и сл.
- Индивидуалните потенцијали кај корисниците и јакнење на нивните капацитети и вештини.

- Вклучување на вонучилишни активност
- Развивање на емоционалниот и социјален живот
- Осамостојување за самостоен живот / совладување на основни животни вештини ( перење, готвење, пеглање, чистење, шиење, миење, економично штедење на електрична енергија, вода, хигиенски материјал, храна, менаџирање со пари, штедење, вадење на лични документи, посетување самостојно стоматолог и сл.)

Организационите единици кои функционираат во рамките на ЈУ Детски Дом 11 Октомври-Скопје нудат заштита на интересот на децата преку обезбедување на благосостојба, добар квалитет на животот и личен раст и развој.

Активности кои беа планирани за тековната 2023 година согласно Годишната програма за работа , а се однесуваат на реализирање на целите на Организационите единици при Ј.У. Детски Дом "11 Октомври" –Скопје се следниве :

**1.Обезбедување соодветни услови за домување**

-Обезбедување на топла и семејна атмосфера каде се посветува внимание на добриот меѓусебен однос помеѓу децата како и на релација воспитувач – дете;

-Средување и чистење на кујната, заедничките простории и собите на децата, но и подготвување на оброци заедно со корисниците за време на викендите;

-Планирање и набавка на потребните прехранбени продукти, средства за хигиена, облека и обувки за децата;

-Поттикнување на корисниците за формирање на навики за чување и одржување на предметите и инвентарот во куќата.

**2.Обезбедување на квалитетна и редовна исхрана**

-Секојдневна подготовка на три главни оброка и ужинка;

-Конзумирање на секогаш квалитетна, свежа и здрава храна;

-Задолжителна застапеност на месо, млечни производи, зеленчук и овошје (здрава храна).

-Набавка на намирници

-Организирање на оброците – со учество на корисниците

-Подготовка на оброци – со учество на самите корисници.

**3.Редовно следење на здравствената состојба на децата**

-Грижа за зајакнување на детскиот организам и правилен раст и развој;

-Редовни систематски лекарски прегледи и контрола на крвна слика;

-По потреба обраќање на лекари-специјалисти.

**4.Следење, помош и поттик во воспитно – образовниот процес**

-Водење грижа за навремено будење и успешно реализирање на наставата;

-Обезбедување на услови за успешно и непречено следење на наставата преку Тимс , набавка на потребните слушалки ,звучници и др потреби за онлај настава

-Давање помош и подршка во совладувањето на училишниот материјал;

-Следење на успехот и поведението и преку постојана вибер комуникација како и преку известувања на емаил со одделенскиот, класниот раководител на детето.

**5.Развој на потенцијалите кај секое од децата преку примена на индивидуален пристап**

-Откривање на талент и негување на истиот;

-Детектирање и отстранување на недостатоци и пропусти од интелектуален и емоционален карактер;

-Поттик за развој на работни навики и хоби кај децата.

-Право на детето на живот, опстанок и развој

-Право на информираност на детето за сите состојби и дејствија кои ги засегаат

-Право на учество на корисникот

-Почитување на човековото достоинство и фундаменталните права

-Недискриминација

-Транспарентност

-Постигнување на очекувани резултати

-Услови адаптирани за секој поединец посебно

-Обезбедување безбедност на сите корисници

-Активна позиција и учество на корисниците и нивно учество во донесување на одлуки

**6.Осамостојување и подготовка за понатамошниот живот**

-Давање насоки за извршување на одредени активности во куката;

-Активна вклученост на децата во работата во кујната;

-Водење грижа за сопствената облека и обувки;

-Укажување на потребата од штедење и правилно работење и примена на денарот како платежно средство;

-Запознавање со развојот на човековото тело, со посебен акцент на сексуалноста ( особено кај повозрасните корисници);

-Едукација во правец заштита од пороците на модерното живеење (алкохол, дрога, сексуална злоупотреба и злоупотреба на интернет).

**7.Овозможување на богат културен развој и социјализација**

**Развивање индивидуи кои се социјално адаптирани и способности за самостоен живот и работа**

- Изминатата година по однос на оваа планирана активност бевме ограничени поради глобалната пандемија и почитувањето на мерките за заштита од КОРОНА 19

**8.Одржување на врските со биолошките семејства на децата**

-Одржување на контактите изминатата година беа само преку телефон, интернет и слично, додека директни средби во Организационата единица или по барање во домот на родителот или роднини не се практикуваа поради почитување на предлог мерките

-Негување на чувство на припадност, љубов и грижа кон биолошките сродници преку разговори со корисниците и организиање на групни работилници

**9.Евиденција и документирање на сите случувања во организационата единица како и редовна соработка со матичните центри на децата**

-Секојдневна евиденција на сите случувања на организационата единица (посети, активности, проблеми,планови и сл.);

-На крај на месецот секој координатор мизготвува месечен извештај кој се доставува на раководителот;

-Правење на вонредни извештаи, ако тоа е потребно;-

-Индикатори.

**10.Соработка со други институции**

-Соработка со Заводот за социјални дејности – Скопје;

-Соработка со матичните центри (ЦСР)

-Соработка со основните и средните училишта каде се вклучени корисниците

-Соработка со невладината организација Хесед, помагање на децата при совладување на наставната содржина

**11.Методи, техники и инструменти за работа кои се користени**

Во реализацијата на планираните активности се применуваа **следниве методи и техники** за работа: набљудување, користење на документи од досие,тематски работилници, индивидуални и групни разговори, комуникација, развој и корекција на говорот, употреба на нагледни средства и дидактички материјал, претходно планирање, евиденција и документирање во листите за следење на сите корисници.

Стручните работници при реализирањето на планираните активности ги користеа следниве следните **инструменти за работа**

-дежурна книга;

-табла за белешки;

-состаноци ( на тимот, на корисниците, на групата);

-распоред за работа и евиденција;

-дневник на исхрана;

-посветен ден (родендени...);

-план, програма, извештај за работа;

-лично досие на корисник ( наод и мислење од педагог, психолог, социјален работник, стручен тим, индивидуален здравствен план, месечен извештај, листа на следење на корисник, записник за реализирани средби, извештај за посебен случај и др.).

**12.Педагошки препораки за стимулирање на позитивното однесување**

Специфичноста на работата со корисниците, наметнува потреба од применување на педагошки препораки за стимулирање на позитивното однесување, кои имаат за цел правилно, позитивно да делуваат на децата, а воедно да ги спречат негативните облици на однесување. Како основни педагошки препораки за стимулирање на позитивното однесување се:

- ✓ Добивање на месечен џепарлак чија висина се менува во зависност од возраста

  -2000,00 денари месечен џепарлак добиваат корисниците кои се средношколци;

  -1000,00 денари месечен џепарлак добиваат корисниците од петто до деветто одделение;

  -600,00 денари месечен џепарлак добиваат корисниците до петто одделение;
- ✓ Излегување во град;
- ✓ Посета на спортски и културни активности.

**14. Културно хигиенски навики**

Стручните лица преку секојдневните активности и примена на разни форми на работа,особено преку индивидуални разговори и тематски работилници кај децата развиваат:

-Навики за одржување лична хигиена;

-навики за користење на прибор за лична хигиена;

-Правилно користење на средства за хигиена;

-Навики за одржување хигиена во ОЕ и терасите;

-Навики за навремено станување и легнување;

-Навики за пристојно однесување;

-Пристојно однесување за време на јадење;

-Пристојно однесување во ОЕ;

-Пристојно однесување надвор од ОЕ;

-Култура на изразување;

-Манири на однесување.

**Личната документација на корисниците се состои од:**

-Записник за прием на корисникот;

-Решение за сместување;

-Решение за старателство;

-Наод и мислење на социјален работник;

-Наод и мислење на психолог;

-Наод и мислење на педагог;

-Наод и мислење на стручен тим;

-Индивидуален план и програма на корисникот ;

-Извод од матична книга на родени;

-Уверение на државјанство и останати документи важни за корисникот.

Во изминатото тромесечие јули-септември 2023 г во деновите од **21.08.2023** до **26.08.2023** беше реализирано летување во Струга со 14 корисника од сите Организациони единици.

**<u>Цели:</u>**

**Корисниците:**

-да се запознаат со природните и историски одлики на западна С. Македонија;

-да се развиваат другарството и социјализацијата на корисниците;

-да се оспособат за набљудување, опишување, истражувачки активности и логичко мислење;

-да стекнат пошироки познавања за нашето сегашно и подалечно минато;

-да стекнат искуство за осамостојување и грижа за себе,толерантност, истрајност;

-да развијат интерес за природата и да градат еколошки навики;

-да развијат интерес за спортски активности, пливање, создавање навики за здраво живеење;

-да ја развијат индивидуалната, тандемската и групната работа.

**<u>Активности:</u>**

Активности кои ги испланиравме и ги реализиравме за време на летувањето:

-Запознавање со флората и фауната во тој крај галеби, лебеди, риби, ракчиња, треви, дрво старо 870 години (јавор, чинар,платан)…

-Усовршување на пливањето, кои не знаеа се учеа да пливаат, некои дециња се научија.

-Прошетка и посета на градот Струга и запознавање со знаменитостите на градот, шеталиште, Црн Дрим, различни култури, обичаи...

-Посета на манастирот Богородица кој датира од 14 век, во тој комплекс ја посетивме и пештерската црква која датира од 14 век, монашките келии, Црквата Св. Петар и Павле.

-Посета на црквата Св. Атанасиј Велики кој датира од 14 век. и таа црква е градена во карпа.

Стручните лиценцирани работници во организационите единици се ментори на корисниците и при тоа во реализирањето на планираните активности со корисниците се раководат според индивидуалниот план за работа со корисник и индикаторите за работа ,така што целите за нивно постигнување меѓу другите методи на работа се реализираат преку планирани тематски работилници ,во работа со група .

Во текот на изминатата 2023 година реализирани се многубројни тематски работилници (кои во кварталните извештаи ги доставуваме редовно) со разновидни содржини меѓу кои и следните :

**- Назив на тематската работилница:**

Развивање на култура за уметничко изразување и иновативност, креативно-творечка.Правење украсни слики и пишување посвета – стихотворби.

**- Цел на работилницата**

Оспособување на корисниците за доживување, перципирање и вреднување на убавото, како и примена во практичниот живот.

**- Назив на тематската работилница:**

Интерес за конструктивни, друштвени, логички игри,правење колички, камиони...

**- Цел на работилницата**

Социјализација на корисниците како и емоционално созревање.

**-Назив на тематската работилница:**

Интерес за индивидуален или групен спорт.

**- Цел на работилницата**

Формирање на физички здрави личности.

**-Назив на тематската работилница:**

Одржување на хигиена на тело (туширање, сечење нокти, пресоблекување)

**-Цел на работилницата**

Осамостојување на корисниците за имплементација на хигиенски навики.

**.Назив на тематската работилница:** Развивање на работна култура - ликовна работилница

**Цел на работилницата**

Оспособување на корисниците за самостоен живот.

**. Назив на тематската работилница:** работа на компјутер
**Цел на работилницата**

Будење на фантазијата и креативноста кај децата од 4 до 15 години.

**Назив на тематската работилница:**

Реализирање на школски задолженија, (совладување на наставни содржини, изготвување на домашни задачи)

**Цел на работилницата**

Стекнување на квалитет во образованието и подигање на интелектуалното ниво кај корисниците

**Назив на тематската работилница:**

Активно учество во креативни работилници правење хамер со правила за добро однесување.

**Цел на работилницата**

Развивање на работна култура.

**Назив на тематската работилница:**
Почитување на сите луѓе и возвратена почит од повеќето луѓе (правење брошура).

**Назив на тематската работилница:**

Изработка на фигури од кинетички песок.

**Назив на тематската работилница:**

Стекнување и развивање на вештини и навики од областа на екологијата (садење и одржување на цвеќе дрво,тревник)

**Назив на тематската работилница:** Здрави животни стилови, да одиме пешки, да се вклучиме во спортски активности, да јадеме зеленчук,овошје а да не пушиме цигари...

**Цел на работилницата** Формирање на физички здрави личности.

**Назив на тематската работилница:**

Интерперсонални односи на децата со другарчињата во школо и наставниците.

**Цел на работилницата**

-Манифестирање на позитивни емоции ,другрување и поддршка, солидарност,што значи другарството и како треба да се однесуваме со врсниците и да ги почитуване повозрасните, а особено наставниците во школо, воспитувачите и авторитетите воопшто.

**Назив на тематската работилница:** Развивање на вештини и навремено извршување на задолженијата во стамбената единица од областа на домаќинството (перење, пеглање, шиење...)
**Цел на работилницата** Осамостојување на корисниците за грижа за сопствените работи да се чисти и уредни.

**Назив на тематската работилница:** Стекнување и развивање на вештини и навики за менаџирање со пари.

**за период од 1.1.2023 година до 31.01.2024 година**

| Бројна сотојба на корисници 1.1.2023год | Примени корисници во текот на месецот | Заминати корисници во текот на месецот | Причина за заминување И број на корисници за секоја причина |
|---|---|---|---|
| 20 | / | / | -во биолошко семејство –<br>-кај роднини –<br>-во згрижувачко семсјтво<br>-завршување на образование –<br>-друга причина (наведи која) др.институција - |

| бројна сотојба на корисници 1.2.2023 год | Примени корисници во текот на месецот | Заминати корисници во текот на месецот | Причина за заминување И број на корисници за секоја причина |
|---|---|---|---|
| **20** | / | / | -во биолошко семејство -<br>-кај роднини<br>-во згрижувачко семсјтво –<br>-завршување на образование –<br>-реоранизација во ОЕ<br>-МГД -<br>-друга причина (наведи која) **–посвојување** |

| бројна сотојба на корисници 1.03.2022год | Примени корисници во текот на месецот | Заминати корисници во текот на месецот | Причина за заминување И број на корисници за секоја причина |
|---|---|---|---|
| 20 | / | / | -во биолошко семејство (------ кор.)<br>-во згрижувачко семсјтво<br>-завршување на образование –<br>-реоранизација во ОЕ<br>-друга причина (наведи која) |
| Бројна сотојба на корисници 1.4.2023 год | Примени корисници во текот на месецот | Заминати корисници во текот на месецот | Причина за заминување И број на корисници за секоја причина |
| **20** | / | / | -во биолошко семејство –<br>-кај роднини –<br>-во згрижувачко семсјтво<br>-завршување на образование –<br>-друга причина (наведи која) др.институција - |
| Бројна сотојба на корисници 1.5.2023 год | Примени корисници во текот на месецот | Заминати корисници во текот на месецот | Причина за заминување И број на корисници за секоја причина |
| **20** | / | / | -во биолошко семејство –<br>-кај роднини –<br>-во згрижувачко семсјтво<br>-завршување на образование –<br>-друга причина (наведи која) др.институција - |
| Бројна сотојба на корисници 1.6.2020 год | Примени корисници во текот на месецот | Заминати корисници во текот на месецот | Причина за заминување И број на корисници за секоја причина |
| 20 | | 1 | -во биолошко семејство –<br>-кај роднини –<br>-во згрижувачко семсјтво |

| Бр[illegible] сотојба на ко[illegible] 1.7.[illegible]23 год | Примени корисници во текот на месецот | Заминати корисници во текот на месецот | Причина за заминување И број на корисници за секоја причина |
|---|---|---|---|
| 19 | / | / | -во биолошко семејство –<br>-кај роднини –<br>-во згрижувачко семсјтво<br>-завршување на образование –<br>-друга причина (наведи која) др.институција / |

| Бр[illegible] сотојба на ко[illegible] 1.0[illegible]23 [illegible] | Примени корисници во текот на месецот | Заминати корисници во текот на месецот | Причина за заминување И број на корисници за секоја причина |
|---|---|---|---|
| 19 | / | 1 | -во биолошко семејство –<br>-кај роднини –<br>-во згрижувачко семсјтво<br>-завршување на образование –<br>-друга причина (наведи која) - полнолетсво |

| Бр[illegible] сотојба на ко[illegible] 1.09.2023 год | Примени корисници во текот на месецот | Заминати корисници во текот на месецот | Причина за заминување И број на корисници за секоја причина |
|---|---|---|---|
| 18 | / | / | -во биолошко семејство –<br>-кај роднини –<br>-во згрижувачко семсјтво<br>-завршување на образование –<br>-друга причина (наведи која) др.институција - |

| Бр[illegible]а на кор[illegible]ици 1.10.[illegible]023 год | Примени корисници во текот на месецот | Заминати корисници во текот на месецот | Причина за заминување И број на корисници за секоја причина |
|---|---|---|---|
| 18 | / | / | -во биолошко семејство –<br>-кај роднини –<br>-во згрижувачко семсјтво<br>-завршување на образование<br>-друга причина (наведи која) др.институција - |

| Бр[illegible]а на кор[illegible] 1.11.2022 год | Примени корисници во текот на месецот | Заминати корисници во текот на месецот | Причина за заминување И број на корисници за секоја причина |
|---|---|---|---|
| 18 | 2 | / | -во биолошко семејство –<br>-кај роднини –<br>-во згрижувачко семсјтво<br>-завршување на образование -<br>-друга причина (наведи која) др.институција - |

| Бр[illegible]а на кор[illegible]ици 1.12.2023год | Примени корисници во текот на месецот | Заминати корисници во текот на месецот | Причина за заминување И број на корисници за секоја причина |
|---|---|---|---|
| 2[illegible] | / | / | -во биолошко семејство –<br>-кај роднини –<br>-во згрижувачко семсјтво<br>-завршување на образование –<br>-друга причина (наведи која) др.институција - |

| Б[illegible]отојба на кор[illegible]и 1.01.2024 год | Примени корисници во текот на месецот | Заминати корисници во текот на месецот | Причина за заминување И број на корисници за секоја причина |
|---|---|---|---|
| [illegible] | / | / | -во биолошко семејство -<br>-кај роднини -<br>-во згрижувачко семсјтво<br>-завршување на образование - |

## *СТРУКТУРА НА КОРИСНИЦИ ВО ОРГАНИЗАЦИОНИТЕ ЕДИНИЦИ*

Структурата на корисниците е мешана по возраст, пол, образование, специфични потреби и интереси, при што запазен е принципот на заедничко сместување на браќа и сестри. Во организационите единици има вкупно 20 корисници.

- Во првата организациона единица-Водно има 6 корисници
- Во втората организациона единица-Два елена има 5 корисници
- Во третата организациона единица-Пржино има 5 корисници
- Во четвртата организациона единица-Козле има 4 корисници

Структурата на корисници во секоја од организационите единици е дадена подолу во Табела бр.6, со следните податоци: пол, надлежен центар за социјална работа, дата на раѓање, име на училиште (основно или средно) и општа здравствена состојба.

| **Организаци она единица** | **Пол** | **МЦСР** | **Дата на раѓање** | **Училиште и одделени/год ина** | **Општа здравствена состојба** |
|---|---|---|---|---|---|
| | Ж | Кратово | 22.12.2010 | ООУ „Кочо Рацин",8 то | Добра |

| Организациона единица | Пол | МЦСР | Дата на раѓање | Училиште и одделени/година | Општа здравствена состојба |
|---|---|---|---|---|---|
| Водно | Ж | Кратово | 22.12.2010 | ООУ „Кочо Рацин“,8 то одд. | Добра |
| | Ж | Гевгелија | 17.03.2007 | ДСУ Горги Димитров 2 год | Добра |
| | М | Струга | 15.09.2014 г | ОУ Киро Глигоров 3 одд | Добра |
| | Ж | Гевгелија | 15.11.2009 | ООУ „Кочо Рацин“, 8 то одд. | Добра |
| | М | Прилеп | 18.04.2009 | ОУ Кочо Рацин 9 одд | Добра |
| | М | Скопје | 03.03.2006 | ДСУ Горги Димитров 3 год | Добра |
| Два елена | м | Кратово | 08.12.2012 | О.У.Владо Тасевски 6 одд | Добра |
| | ж | Кратово | 27.02.2008 | ДСУ Димитар Влахов 1 год | Добра |
| | Ж | Пробиштип | 29.11.2007г | ДСУ Димитар Влахов 2год | Добра |
| | Ж | Пробиштип | 27.07.2006г | ДСУ ЛазарТанев 2г | Добра |
| | м | Куманово | 16.02.2009г | ООУ „Кочо Рацин“, 9 то одд. | Добра |
| Пржино | М | 06.06.2017 г | Кичево | ОУ К.Ј.Питу 1 одд | Добра |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Ж | 31.05.2005 г | Куманово | ДСУ Јосип Броз 4 та год | Добра |
| | ж | 24.04.2007 г | Куманово | ДСУ В.А.ДРЕН 2 год | Добра |
| | ж | 15.12.2015 г | Кичево | ОУ К.Ј.Питу 2 одд | Добра |
| | ж | 18.11.2011г | Кичево | ОУ К.Ј.Питу 6 одд | Добра |
| **Козле** | М | Битола | 09.07.2012 г. | О.У.Владо Тасевски 5 одд | Добра |
| | Ж | Битола | 26.07.20012 г. | О.У.Владо Тасевски 6 одд | Психотерапевтски третман |
| | Ж | Битола | 02.06.2009 г. | О.У.Владо Тасевски 5 то одд | Добра |
| | м | Битола | 15.09.2005 | ДСУ В.А.ДРЕН 2 год | Добра |

Табела бр.6 Структура на корисници во организационите единици

Изработил :Раководител на воспитна служба

Ирена Алексовска

ЈАВНА УСТАНОВА ДЕТСКИ ДОМ
„11 ОКТОМВРИ„- СКОПЈЕ

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
# 2023 ГОДИНА

НА

## ЦЕНТАРОТ ЗА ПОДДРШКА НА ЗГРИЖУВАЧКИ СЕМЕЈСТВА

РАКОВОДИТЕЛ
АНА ПАНЧЕВА

Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
ЈУ Детски дом „11 Октомври"
IP Shtëpia e Fëmijëve „11 Tetori"
Бр.-Nr. 01-95/1
14.02 2024 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Влада на Република Северна Македонија

-ЈАВНА УСТАНОВА ДЕТСКИ ДОМ "11 ОКТОМВРИ"-СКОПЈЕ-

ЦЕНТАР ЗА ПОДДРШКА НА ЗГРИЖУВАЧКИ СЕМЕЈСТВА

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ за 2023 година

## Центар за поддршка на згрижувачки семејства Скопје

Скопје, 2024

Јавна Установа Детски Дом 11Октомври-Скопје
ул. „Васил Ѓоргов бр.25" ........
Република Северна Македонија
e-mail: zgrizuvackisemejstva@mtsp.gov.mk

Влада на Република Северна Македонија

# -ЈАВНА УСТАНОВА ДЕТСКИ ДОМ "11 ОКТОМВРИ"-СКОПЈЕ-

# ЦЕНТАР ЗА ПОДДРШКА НА ЗГРИЖУВАЧКИ СЕМЕЈСТВА

Центарот за поддршка на згрижувачки семејства (подолу ЦПЗС) при Ј.У. Детски дом 11ти Октомври, согласно пропишаните законски надлежности, согласно Правилникот за поблиските критериуми за избор на згрижувачко семејство, видот и бројот на корисниците кои можат да се сместат во едно згрижувачко семејство и стандардите за давање на услугата според видот на згрижувањето како и согласно стандардите и процедурите за постапување за услугата згрижување во згрижувачко семејство, изминатата 2023 година, реализираше редовни активности согласно Годишната програма за работа на Центарот за поддршка на згрижувачки семејства.

1. Од страна на Министерството за Труд и социјална политика , а со поддршка на УНИЦЕФ е промовирана веб страната www.zgrizuvanje.gov.mk, преку која сите заинтересирани згрижувачки семејства можат да добијат корисни информации за згрижувањето но исто така и да се објавуваат активностите кои се реализираат од страна на Центрите за поддршка на згрижувачки семејства во насока на поддршка, промоција и анимирање на јавноста за важноста и улогата на згрижувачкото семејство. Паралелно со промовирање на оваа алатка отпочна и комуникациската кампања „ Отворете го вашето срце и вашиот дом – Станете згрижувач со посебен акцент за специјализирани згрижувачки семејства со поддршка на УНИЦЕФ. На почетокот од промоција на веб страната па се до месец Мај,2023 година бројот на поднесени барања со прашање за стекнување со статус на згрижувач и пројавен интерес изнесува 30, а кој број се однесува на заинтересирани граѓани од сите региони.
2. Основна цел и мисија на Центарот за поддршка на згрижувачки семејства е развивање и ширење на мрежата на згрижувачки семејства во целата држава како најсоодветна форма за заштита и грижа на оние на кои им е потребна истата. За таа цел изминатата година преку учество на неколку медиуми, комуникацијата и соработка со други Органи и организациии се промовираше како работата на Центарот така и згрижувањето како најсоодветна форма на грижа. Како резултат на се поголемата препознатливост како и поголемо

присуство во јавноста и поголема информираност на јавноста за згрижувањето произлегува и бројот на заинтересирани потенцијални згрижувачи. Воедно, голем дел од информациите до заинтересираните граѓани пристигнуваа од социјалните медиуми, како и од веќе постоечки згрижувачи преку пренесување на нивни позитивни искуства, но и такви кои се обратиле директно во ЦСР со потребна документација. На тој начин вкупниот број на заинтересирани граѓани за формата згрижување во згрижувачко семејстви во изминатата **2023 година е** 42, од кои 80% се јавија и поминаа информативна сесија по која е отпочната постапка за проценка на подобноста на вкупно 32 потенцијални згрижувачки семејства.

**Од нив само 27 се стекнаа со статус на згрижувачко семејство во 2023 година односно 5 семејства имаа негативна проценка на нивната подобност . Од вкупниот број 21 е општо згрижувачко семејство, 4 се роднински згрижувачки семејства и 2 специјализирани згрижувачки семејства.** Во тек односно пренесени во 2024 година се 3 потенцијални згрижувачки семејства за кои сеуште трае процесот на проценка.

Сумирано по градови станува збор за **нови згрижувачки семејства** во **Скопје вкупно 21** од кои 19 општи, 1 роднинско згрижувачко семејство и 1 специјализирано згрижувачко семејство, **Тетово 2** од кои по едно општо и специјализирано згрижувачко семејство, **Куманово 1** роднинско згрижувачко семејство, **Гостивар 1** општо згрижувачко семејство и **Штип 2** роднински згрижувачки семејства.

3. Во рамки на своите законски надлежности и обврски Стручниот тим од Центарот за поддршка изминатата година своето внимание го имаше особено насочено кон јакнење на компетенциите на сите згрижувачки семејства со цел поквалитетна грижа. Во таа насока беше во секојдневна комуникација со згрижувачките семејства покрај редовните квартални и ненајавени посети вршеше и дополнителни посети секогаш кога ќе се јави криза во семејството како

и при процесите на следење на адаптација или при подготовка за напуштање на грижа од страна на корисник. За таа цел организираше и дополнителни обуки во група, стручно советодавна работа со поединци и семејство, ги упатуваше згрижувачите на други обуки кои се испорачуваа од други организација се со цел стекнување на нови знаења и вештини. Дополнителна обука беше спроведена во просториите на Центарот за поддршка на згрижувачки семејства за вкупно 50 семејства. Воедно, во изминатата 2023 година околу 70% од вкупниот број на згрижувачки семејства поминаа обука на тема ,, Траума информирана грижа,, која од средината на 2023 година стана дел од Годишната програма за обуки за секој потенцијален згрижувач. Преку соработка со ,,ЛИНК Акрос,, и ЈУ МЦСР Скопје 40 згрижувачки семејства поминаа обука на тема ,, Прва педијатриска помош,,.

4. Стручните работници од Центарот за поддршка на згрижувачки семејства, во текот на 2023 година имаат реализирано вкупно 93 индивидуални средби со постоечки згрижувачки семејства, а кои се реализирани како дел од предвидените активности во Планот за поддршка на корисникот во згрижувачкото семејство , но и такви кои се произлезени како резултат на појава на криза во семејството. Преку индивидуален пристап на најадекватен начин згрижувачките семејства ја добива потребната поддршка со цел полесно справување си сите предизвици.

   Во текот на 2023 година реализирани се вкупно **636 ненајавени посети** во згрижувачките семејства. Увидите се реализирани во општините на Град Скопје, Куманово, Тетово, Берово, Македонска Каменица, Пехчево, Крива Паланка, Делчево, Гостивар, Кратово, Штип, Пробиштип. Како дел од процесот на следење на квалитетот на грижа кон сместените корисници реализирани се посети на основни и средни училишта од територијата на Град Скопје (најголем број на корисниците се во училиштата во градот Скопје) при што се реализирани средби со стручните служби од училиштата и наставниот кадар.

5. Следејќи го процесот на грижа, работата на згрижувачките семејства како и квалитетот од истата во изминатата 2023 година Стручниот тим дал 11 вонредни извештаи до надлежните Центри за социјална работа со кои биле затворени 11 згрижувачки семејства. Причината за истото се однесува на констатирани недоследности и непочитување односно не исполнување на основните стандарди за згрижување. Во однос на сместените корисници се обезбедени други згрижувачки семејства.

   Стручниот тим тековно постапува и по однос на барања за редовна годишна обнова односно репроценка на згрижувачкото семејство, а кое во тековната 2023 година се заврши со вкупен број на 120 репроценети згрижувачки семејства.

6. До Центарот за поддршка на згрижувачки семејства во текот на 2023 година беа доставени повеќе Барања **(80)** за згрижувачки семејства односно сместување на дете/деца или лица од неколку Центри за социјална работа и тоа од Скопје, Битола, Куманово, Штип, Прилеп, Пробиштип, Кочани, Битола, Гостивар, Неготино, Гевгелија, Берово, Струга, Кавадарци, Виница, Кратово, Охрид. По однос на сите доставени Барања, Стручниот тим од ЦПЗС Скопје презеде конкретни активности во насока на изнаоѓање на решение односно изврши увид во постоечките слободни капацитети на згрижувачки семејства во сите региони кои се во негова надлежност како и избор на соодветно згрижувачко семејство. Во таа насока позитивно одговорено и извршен е избор на **43 згрижувачки семејства** и тоа Тетово (2), Куманово (2), Гостивар, (1), Пробиштип (1), Делчево (2), Берово (1),и останатите во Скопје (34), во кои се сместени односно згрижени вкупно **54 корисника.** Во, процесот на избор на згрижувачки семејства Стручниот тим на ЦПЗС соработува со надлежните центри за социјална работа кои се надлежни за корисникот за кого се бара сместување. Во таа насока, Стручниот тим остварува телефонска комуникација, лична комуникација, реализира заеднички координативни средби и практикува електронска комуникација. Стручниот тим, согласно своите законски обврски и надлежности постапува и

дава поддршка на згрижувачкото семејство во периодот како на адаптација и сепарација така и во текот на целокупното згрижување, согласно изготвен план за поддршка на корисникот во згрижувачкото семејство. Во изминатата 2023 година,згрижувачкото семејство го напуштиле 34 корисника од кои 14 се реинтегрирани во биолошките семејства, 13 ја напуштиле грижата по полнолетство, 2 корисника поради промена на формата на грижа, 1 корисник поради смрт, 1 корисник поради посвојување и 3 корисника поради враќање во матичните земји (малолетници непридружувани странци)

7. **Заклучно со 2023** година на евиденција во Центарот за поддршка на згрижувачки семејства при ЈУ ДД 11ти Октомври Скопје **бројот на згрижувачки семејства изнесува 174. Вкупниот број на сместени корисници во згрижувачките семејства на крајот на 2023 е 288** корисника.
8. Центарот за поддршка на згрижувачки семејства Скопје води електронска евиденција како и евиденција во Регистар кои содржат податоци согласно параметрите и индикаторите кои се наведени и предложени како форма во рамки на Стандардите и процедурите за постапување на стручните работници од ЦСР и ЦПЗС .
9. Комуникацијата со сите Центри за социјална работа се одвива во континуитет и најчесто се однесува на прашања за потреба од избор на згрижувачко семејство, за самите згрижувачки семејства и согледани состојби во врска со сместеното дете, деца или лица, потреба за сместување или реинтеграција на дете/деца или лице. Соработката со Заводот за социјални дејности, УНИЦЕФ како и другите два Центра за поддршка на згрижувачки семејства од Битола и СОС детско село е постојана и во континуитет .
10. Во однос на комуникацијата со надлеѓните Центри за социјална работа се констатира дека и по скоро 3 години работа на Центарот за поддршка на

згрижувачки семејства постsои елемнтарно непознавање на Правилник и Стандарди процедури за постапување, ненавремено се доставува потребна стручна и лична документација за корисникот како и не се изготвува Договор за згрижување (од поедини центри) , не се вршат редовни посети на корисниците и не се земаат предвид дадените препораки од наша страна во насока на заштита на корисникот.

11. Стручните лица од Центарот за поддршка на згрижувачки семејства посетуваа обуки кои се дел од нивната континуирана професионална едукација, како и обуки кои се директно насочени кон стекнување на нови знаења и вештини како што е обуката за обучувачи за специјализирани згрижувачки семејства. Во рамки на Центарот помеѓу вработените се практикува принципот на организациско учење.
12. Согласно предвидените активности со Годишната програма за 2023 година, а кои се однесуваат на активности насочени кон промовирање, ширење и развивање на мрежата на згрижувачки семејства може да се констатира дека истите не се во целост реализирани поради недоволна техничка опременост како и недостаток на човечки ресурси кои во целост би биле насочени кон организација и реализација на овие активности.

Стручните лица од Центарот за поддршка на згрижувачки семејства Скопје, во континуитет ќе спроведува активности и ќе превзема дејствија кои се во негова надлежност, а се со цел поддршка на постоечките но и на проценка како и промовирање на формата - згрижување во згрижувачко семејство со цел развивање и зајакнување на мрежата на згрижувачки семејства. Своите активности ги реализира врз основа на изготвена Програма за работа за 2024 година, како и активности кои ќе произлезат од секојдневното работење и функционирање.

Раководител

Ана Панчева

ЈАВНА УСТАНОВА ДЕТСКИ ДОМ
„11 ОКТОМВРИ„- СКОПЈЕ

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
# 2023 ГОДИНА

НА

## ПРАВНИКОТ

ПРАВНИК
СОЊА М.ЈОСИФОВСКА

Влада на Република Северна Македонија

-ЈАВНА УСТАНОВА ДЕТСКИ ДОМ "11 ОКТОМВРИ"-СКОПЈЕ-

**Годишен извештај од работата на Правникот на ЈУ Детски дом„11 Октомври" Скопје(во понатамошниот текст „ Установа")за период 01.01.2023 до 31.12.2023 година**

Годишниот извештај од работата на Правникот на ЈУ Детски дом„11 Октомври" Скопје(во понатамошниот текст „ Установа")за период 01.01.2023 до 31.12.2023 година, опфаќа повеќе сфери на работење кои се опфатени во следните точки:

**1.Сфера на управување на Установата-Управен одбор на ЈУ Детски дом „11 Октомври" – Скопје**

Во 2023 година се одржаа вкупно шест седници на Управниот одбор на Установата, и тоа како што следи:

**1.1** Во првото тримесечие на 2023 година се одржаа вкупно две седници на Управниот одбор на Установата, и тоа на ден 09.01.2023година, и на ден 27.02.2023 година.

На седницата на Управен одбор на Установата одржана на ден 09.01.2023 година, - се усвои Програмата за работа на Установата за 2023 година.

На седницата на Управен одбор на Установата одржана на ден 27.02.2023година се донесоа Одлуки кои се однесуваа на :

- усвојување на извештајот на пописната комисија од извршениот попис на Установата, со состојба на ден 31.12.2022 година,
- усвојување на материјално-финансовиот извештај за 2022 година,и усвојување на завршните сметки на Установата за 2022 година,
- Утврдување на финансовите планови за 2023 година,

-висината на благајничкиот максимум за 2023 година(за буџетската сметка наУстановата),

- усвојување на Извештајот за работа на Установата за 2023година.

**1.2** Во второто тримесечие на 2023 година се одржа една седница на Управниот одбор на Установата, и тоа на ден 16.05.2023година.
На седницата на Управен одбор на Установата одржана на ден 16.05.2023 година, - се донесе Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места на ЈУ Детски дом „11 Октомври" Скопје

**1.3** Во третото тримесечие на 2023 година се одржа една седница на Управниот одбор на Установата на ден 29.09.2023 година , со една точка на дневен ред и тоа донесување на Правилник за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места на ЈУ Детски дом „11 Октомври" Скопје. По претходно усогласување на предложениот Правилник во форма на нацрт од страна на Установата и доставен во електронска верзија до МТСП и МИОА , Управниот одбор го донесе Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места на ЈУ Детски дом „11 Октомври" Скопје. Истиот акт се достави првично до МТСП заедно со пропратна документација,со цел за добивање на согласност од матичното Министерство.

**1.4** Во четвртото тромесечие на 2023 година се одржаа две седници на Управниот одбор на Установата и тоа на ден 28.11.2023 година и на ден 22.12.2023 година. На седницата на Управен одборна Установата одржана на ден 28.11.2023 година, се донесе Правилникот за заштита од пожари и експлозии на ЈУ Детски дом „11 Октомври" Скопје – со Проценка на загрозеност од

природни непогоди и други несреќи и План за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи – на ЈУ Детски дом „11 Октомври" Скопје.

